Независен академски синдикат
НАкС
Бр. 04-31
21.10.2024 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 49 и чл.55 од Статутот на Независниот академски синдикат и чл. 5 од Одлуката за избор и отповикување на членови за делегати на Конгрес и кандидати за органи на НАКС бр.04-1/1 од 11.09.2020 год, Советот на НАКС на седницата одржана на 21.10.2024 година го донесе следниот :

**АНЕКС бр. 2**
**кон Одлуката за избор и отповикување на членови за делегати на Конгрес и кандидати за органи на НАКС**

**Член 1**

Се врши измена и дополнување на член 20 од Одлуката за избор и отповикување на членови за делегати на Конгрес и кандидати за органи на НАКС бр.04-1/1 од 11.09.2020 год., на начин што:

1. Во став 2 се брише зборот „само".

2. После ставот 2 во овој член се додава нов став, став 3 кој гласи:

"Право на самокандидирање имаат и други членови на Синдикалните организации, во кои во определениот рок за закажување и одржување на Синдикални собранија не се избрани делегати и не се предложени членови за останатите тела на Независниот академски сидикат кои се бираат на престојниот Конгрес. Кандидататите кои се самокандитираат ја доставуваат својата пријава до Изборната комисија во хартиена форма или по електронски пат".

Останатите ставови од овој член остануваат исти и се пренумерираат на начин што досегашниот став 3 станува став 4, ставот 4 станува став 5, ставот 5 станува став 6, а ставот 6 станува став 7.

**Член 2**

Пречистениот текст на член 20 од наведената Одлука гласи:

(1) Кандидатот за член на Советот, Надзорниот одбор или Статутарната комисија, може да биде секој член на синдикатот, кој редовно плаќа членарина и кој ужива углед во членството,
(2) Право на самокандидирање имаат индивидуалните членови кои самостојно плаќаат членарина и немаат своја матична синдикална организација.
(3) Право на самокандидирање имаат и други членови на синдикалните организации, во кои во определениот рок за закажување и одржување на синдикални собранија не се избрани делегати и не се предложени членови за останатите тела на Независниот академски сидикат кои се бираат на престојниот Конгрес. Кандитатите кои се самокандитираат ја доставуваат својата пријава до Изборната комисија во хартиена форма или по електронски пат.
(4) Секоја синдикална организација предлага по 1 или најмногу 2 (кај синдикалните организации кои имаат над 50 члена) кандидати за членови на Совет, по 1 кандидат за член на Надзорен Одбор и по 1 кандидат за член на Статутарната комисија.
(5) Листата на кандидати кои освоиле најмногу гласови на Собранието на синдикалните организации, се доставува до Изборната комисија, најдоцна 24 часа од одржаните избори во синдикалната организација.
(6) Собранијата на синдикалните организации може да донесат одлука за поддршка на кандидати од други синдикални организации или поддршка на некој од самокандидираните индивидуални членови.
(7) Мандатот на избраните кандидати на овие три органи трае 4 години, со право на реизбор.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Советот на НАкС

-----------------------------------
Проф. м-р Маја Стевановиќ

Независен академски синдикат НАкС * Скопје *